# Ten Barrels Syrah Reserva 2013




Виното е добиено од истоимената сорта на грозје од сопствените насади на винаријата Камник. Се одликува со разиграна и длабока рубин црвена боја и со кристална бистрина. Букето изобилува со ситнозрнести овошни плодови типични за сортата, како и со дискретни зачински тонови на каранфилче кое е надополнето со мирис на црна чоколада, ванила и сладок корен. Комплексноста на ова вино се открива во елегантен и полн вкус со одлична структура, меки и кадифени танини и добро интегрирани дабови ароми со долготраен послевкус. Раскошот на виното произлегува од 23-месечното одлежување во нови барик-буриња од американски и француски даб.

Ten Barrels Syrah Reserva 2013 одлично се сложува со специјалитети од разни видови на месо, особено со дивеч во пикантен сос.

Препорачана температура на послужување: 16-18°C.

Виното има потенцијал за повеќегодишно созревање во шише.

**Алкохол**: 15% Vol. **Полнето**: Ноември 2015

**Награди**: MUNDUS VINI, Пролетен вински натпревар 2016 - **Златен медал**